20252514896

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

☐

☐ Врз основа на член 54 став (1) точка 1. потточка 1.20. од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) , член 20 став (4) од Правилникот за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.234/23) и Тарифниот систем за дистрибуција на гас („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.238/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2025 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАНА ТАРИФА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИКЛУЧЕНИ НА СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС ЗА 2026 ГОДИНА ОД РЕГУЛИРАНИОТ ПЕРИОД 2022-2026 ГОДИНА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ (ДТИРЗ) СКОПЈЕ

1. На Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, за 2026 година од регулираниот период 2022-2026 година, се одобрува регулираната тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас да изнесува 0,2336 ден/kWh.
2. Релативните коефициенти со кои се пресметуваат тарифите на одделните категории на потрошувачи се утврдува да изнесуваат 1.
3. Тарифата од точка 1 на оваа одлука се применува во период од отпочнувањето на примена на оваа одлука до 31.12.2026 година.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2026 година.

УП1 бр. 08-1999/25
15 декември 2025 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.